**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2, член 108 и член 215 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **31.01.2019** година донесе:

# УПАТСТВО
## за утврдување на личниот идентитет на гласачот
## (согласно член 108 од Изборниот законик)

### Член 1

1) Избирачите, пристапуваат да гласаат еден по еден.

2) Кога избирачот пристапува да гласа, Избирачкиот одбор проверува:

- дали избирачот е на соодветното гласачко место,
- дали има небришлив белег на ноктот и палецот на десната рака и
- го проверува неговиот личен идентитет.

### Член 2

1) Личниот идентитет избирачот го докажува со приложување на важечка лична карта или патна исправа.

2) При утврдувањето на идентитетот на гласачот, Избирачкиот одбор прво проверува дали податоците од приложениот документ за лична идентификација (важечка лична карта и патна исправа) се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

### Член 3

1) Отпечатените изводи од Избирачкиот список и посебните изводи од Избирачкиот список, се водат по азбучен ред на презимето на граѓанинот и ги содржат следниве рубрики, односно податоци: реден број, презиме, име, пол, датум на раѓање, лична фотографија (во формат како на лична карта или патна исправа од последно издаден важечки личен документ), адреса на живеење (населено место, улица, куќен број, влез и стан), место за потпис или отпечаток на избирачот.

### Член 4

1) Избирачкиот одбор, по проверката на податоците за избирачот, преминува кон задолжителна споредба на избирачот со фотографијата од приложениот документ за лична идентификација и со фотографијата на избирачот во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

### Член 5

1) Избирачкиот одбор му издава гласачко ливче на гласачот откако:

- гласачот ќе приложи документ за лична идентификација, во кој лицето од фотографијата е исто со лицето од фотографијата во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список,
- податоците од приложениот документ се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список,

2) Избирачкиот одбор е должен да утврди дека се исполнети условите од сите алинеи од претходниот став, за секој избирач поединечно, по што гласачот продолжува со постапката на гласањето

**Член 6**

1) Избирачкиот одбор не му дозволува на гласачот да продолжи со постапката за гласање, доколку:

- податоците од приложениот документ не се совпаѓаат со податоците во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список (освен на лицата кои го промениле брачниот статус и промениле презиме, а се наоѓаат на Избирачкиот список, ако се исполнуваат и совпаѓаат останатите услови – слика и датум на раѓање);
- приложил документ за идентификација од друго лице или
- приложил документ за лична идентификација, во кој лицето од фотографијата не е исто со лицето од фотографијата во отпечатениот извод или посебниот извод од Избирачкиот список.

2) Во сите наведени случаи избирачкиот одбор е должен настанот да го запише во дневникот за евиденција на настани и да ја извести општинската изборна комисија.

Ова упатство влегува на сила со денот на неговото донесување и истото ќе биде објавено на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број** 08-272/1
**01.02.2019 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**